| | | **Дотација на Сојузот на здруженијата на Југославија за Обединетите нации** | | | |
| 896 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузот | 847.450,00 | 747.450,00 | 747.450,00 |
| | | **Дотации на Сојузот на резервните воени старешини на Југославија** | | | |
| 897 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузот | 10,368.800,00 | 9,568.800,00 | 9,568.800,00 |
| 898 | 06-2 | Изборна сојузна конференција во 1982 година | 1,495.500,00 | 1,195.500,00 | 1,195.500,00 |
| | | **Сојуз за физичка култура на Југославија** | | | |
| 899 | 06-2 | Трошоци за меѓународни активности на подрачјата на физичката култура на Југославија | 127,616.000,00 | 120,816.000,00 | 120,816.000,00 |
| 900 | 06-2 | Вонредна програма на спортски манифестации што се извршуваат само во 1982 година | 20,508.200,00 | 28,908.200,00 | 28,908.200,00 |
| | | **Народна техника — Сојуз на организациите за техничка култура на Југославија** | | | |
| 901 | 06-2 | За меѓународни активности во областа на техничката култура на Југославија | 10,229.220,00 | 9,629.220,00 | 9,629.220,00 |
| | | **Противпожарен сојуз на Југославија** | | | |
| 902 | 06-2 | За противпожарна заштита | 1,111.655,00 | 1,011.655,00 | 1,011.655,00 |
| | | Вкупно основна намена 06 | 748,947.000,00 | 704,203.000,00 | 694,547.566,40 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 42 (позиции 859 до 902) | 748,947.000,00 | 704,203.000,00 | 694,547.566,40 |

Член 6

Оваа завршна сметка ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ“.

## 512.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ И НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ

Се прогласува Законот за измени на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 јули 1983 година.

П бр. 287
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Мика Шпиљак, с. р**

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ, с. р.**

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ И НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ

Член 1

Во Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ“, бр. 68/81) член 132 се заменува со три нови члена, кои гласат:

„Член 132

Корисниците на семејна инвалиднина на кои тоа право им е признато до денот на влегувањето во сила на овој закон, по смртта на лицето од чл. 129, 130 и 131 од овој закон и член 108 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72. 33/76 и 32/81), односно како на членови на семејство на лица загинати, умрени или исчезнати под околностите од член 129 точка 2 на овој закон, ги користат и по тој ден правата што ги имаат корисниците на семејна инвалиднина, во обемот и под условите пропишани со овој закон.

Член 132а

Детето на умрен воен инвалид без обата родители на кое му е признато правото на зголемена семејна инвалиднина до денот на влегувањето во сила на овој закон, врз основа на член 30 став 2 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72, 33/76 и 32/81), го користи правото на зголемена семејна инвалиднина и по тој ден, во обемот и под условите што се пропишани со овој закон.

Член 132б

Воениот инвалид кому до денот на влегувањето во сила на овој закон му е признато правото на ортопедски додаток и кој тоа право го користел врз основа на Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72, 33/76 и 32/81), го користи правото на ортопедски додаток и по тој ден, во обемот и под условите што се пропишани со овој закон.“

Член 2

Член 134 се менува и гласи:

„Барањата за признавање својството на воен инвалид, правото на семејна инвалиднина, правото на зголемена семејна инвалиднина и правото на ортопедски додаток, поднесени до денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службени лист на СФРЈ“, бр. 68/81), ќе се решат под условите, на начинот и по постапката што беа предвидени со прописите што беа во сила до денот на влегувањето во сила на тој закон.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

## 513.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 јули 1983 година.

П бр. 290
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Мика Шпиљак, с. р**

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ, с. р.**

# ЗАКОН

## ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Во Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 6/76 и 66/80) по член 128 се додава нов член 128а, кој гласи:

„Член 128а

По исклучок од одредбата на член 65 став 2, член 72 став 4 и член 115 став 2 од овој член, во периодот 1984 и 1985 година усогласувањето на целите и средствата за остварување на планот со реално оценетите можности и услови за развој и усогласување на материјалните рамки на развојот предвидени со

среднорочниот план за периодот од 1981 до 1985 година со можностите за развој во тековната година, кога е тоа неопходно заради приспособување кон изменетите услови и спречување и отстранување на поголемите растројства во тековите на општествената репродукција, се врши со актот за остварување на среднорочниот план за одделна година."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

514.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНО КНИГОВОДСТВО

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за Службата на општественото книговодство, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 јули 1983 година.

П бр. 291
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ
**Војо Срзентиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

Член 1

Во Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/77, 2273, 35/80 и 43/82) во член 75 став 1 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „како и освен плаќањата што се вршат со пребивање (компензација) ако на тој начин меѓусебните обврски се намирени во рок од 15 дена од денот на настанувањето на должничко-доверителскиот однос и под условите и на начинот пропишани со сојузниот закон со кој се уредуваат облигационите односи".

„Корисниците на општествени средства што плаќањата на своите обврски ги извршиле со пребивање (компензација), во смисла на став 1 од овој член, се должни преку жиро-сметка кај Службата да спроведат пресметка на извршените плаќања односно на намирените обврски на петнаесетиот и на последниот ден во месецот.".

Досегашните ст. 2 до 5 стануваат ст. 3 до 6.

Член 2

Во член 120 став 1 по точка 5 се додава нова точка 5а, која гласи:

„5а) ако изврши плаќање со пребивање (компензација) спротивно на член 75 став 1 од Законот".

Член 3

Во член 123 став 1 по точка 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) ако во пропишаниот рок не поднесе налог за пресметка за извршените плаќања односно на намирените обврски (член 75 став 2)".

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

515.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДСТВАТА НА РЕЗЕРВИТЕ

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за средствата на резервите, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јули 1983 година.

П бр. 292
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДСТВАТА НА РЕЗЕРВИТЕ

Член 1

Во Законот за средствата на резервите („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/77), во член 6, по став 1, се додава став 2, кој гласи:

„Основната организација може да одлучи средствата на резервите да ги држи на жиро-сметката, со тоа што нивното користење да се обезбеди во согласност со одредбата од став 1 на овој член."

Член 2

Во член 10 став 2 по зборовите: „осигурување на тие средства" се додаваат запирка и зборовите: „за давање помош на општествени правни лица и на странски лица во пари, производи, стоки, услуги и во други материјални вредности заради отстранување на последиците од елементарни непогоди и од друга виша сила".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**516.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1983 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичкитее заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1983 година, што ги усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 29 јули 1983 година.

Претседател
на Претседателството на
на СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

П бр. 289
29 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ,** с. р.

---

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1983 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејноси за потрошувачка во 1983 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/83) во член 1 став 1 зборовите: „и самоуправните интересни заедници од општествените дејности" се бришат а зборовите: „во износ што одговара на 1,6% од приходите што ги оствариле во 1982 година", се заменуваат со зборовите: „што ќе ги остварат над стапката на растеж од 11% во однос на остварениот приход во 1982 година, намален за износот на придонесот на републиките и на автономните покраини во буџетот на федерацијата, обврските на републиките и на автономните покраини за отстранување на последиците од земјотресот во СР Црна Гора, на обврските за премостување на разликите настанати поради различните услови за упис на заем и за пласман на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на придонесот со Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој и за износот на средствата што се користат за надомести што имаат карактер на лични примања".

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Самоуправните интересни заедници од општествените дејности не можат да располагаат во 1983 година со дел од општествените средства на потрошувачка што ќе ги остварат над 13% во однос на остварениот приход во 1982 година намален за износот на средствата што се користат за надомести што имаат карактер на лични примања."

Во став 2 кој станува став 3 зборовите: „од став 1 на овој член не се однесува на средствата" се заменуваат со зборовите: „на ст. 1 и 2 на овој член не се однесува на средствата за потрошувачка во износ кој одговара на 1,6% од приходот што го оствариле во 1982 година".

Во став 3 кој станува став 4 зборовите: „од став 1" се заменуваат со зборовите: „од став 3".

Во став 4 кој станува став 5 зборовите: „од став 1" се заменуваат со зборовите: „од ст. 1 и 2", а зборовите: „во став 1" се заменуваат со зборовите: „во ст. 1 и 2".

Во став 5 кој станува став 6 зборовите: „од ст. 3 и 4" се заменуваат со зборовите: „од став 5", а зборовите: „на став 1 од овој член", се заменуваат со зборовите: „на ст. 1 и 2 на овој член заедно за општествено-политичките заедници и за самоуправните интересни заедници од општествените дејности".

Член 2

Во член 2 се додаваат ри нови става, кои гласат:

„Основицата за примена на процентот од член 1 ст. 1 и 2 од овој закон ја сочинуваат износите на средствата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности што се утврдени врз основа на службената евиденција на Службата на општественото книговодство (Образец Б-2) и објавени во „Статистичкиот билтен на Службата на општественото книговодство на Југославија", бр. 12/82 — табели, 22 и 24, намалени за износот на средствата: пренесени во буџетот на федерацијата, отстапени на Интересната заедница на Југославија за унапредување на економските односи со странство, за придонесите на републиките и автономните покраини на буџетот на федерацијата, за обврските на републиките и автономните покраини за отстранување на последиците од земјотресот во СР Црна Гора, за премостување на разликите настанати поради различните услови за упис на заем и пласман на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, за придонесот на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој и за износот на средствата што се користат за надомести што имаат карактер на лични примања — во делот што се плаќа од овие средства.

Под остварена средства за потрошувачка во 1983 година, во смисла на член 1 ст. 1 и 2 од овој закон, се подразбираат износите на остварените приходи во 1983 година што се утврдени и искажани на начинот од став 1 на овој член.

Под средства што се користат за надомести што имаат карактер на лични примања се подразбираат, во смисла на овој закон, средства за исплата на пензии, инвалиднини, додаток на деца, социјална помош, надомести за време на привремена невработеност, надомести за боледувања, стипендии, исплати за ученички и студентски кредити, дотации на студентски домови и мензи, ученички кујни, домови на стари, за превоз на ученици, за давање лекови на граѓани без надомест и за придонесите исплатени на тие надомести, како и други исплати што имаат карактер на лични примања".

Во досегашниот став 1 кој станува став 4, по зборовите: „член 1" се додаваат зборовите: „став 3".

Член 3

По член 2 се додаваат нови чл. 3, 4 и 5 кои гласат:

„Член 3

Службата на општественото книговодство месечно кумулативно за изминат период ќе го утврдува делот од средствата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности чие користење привремено се забранува во рок од десет дена од денот на истекот на месецот. Службата на општественото книговодство е должна овие средства веднаш да ги издвои на посебна сметка.

Заради утврдување на делот од средствата чие користење привремено се забранува, општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници од општествените дејности се должни податоците за планираните износи на средствата што ги доставиле до Службата на општественото книговодство и податоците за динамиката на приходите, кумулативно, по месеци за 1983 година да ги усогласат одредбите на член 1 од овој закон да ги доставаат во два примерока до Службата на општественото книговодство кај која ги водат своите жиро-сметки во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, а на образецот — План на Средствата за општи општествени и заеднички потреби — ПС, кој претставува негов составен дел.

Службата на општественото книговодство, во рок од десет дена од денот кога ѝ се доставени планираните износи од став 2 на овој член, ќе утврди дали тие износи се усогласени со одредбите на член 1 ст. 1 и 2 од овој закон.

Ако Службата на општественото книговодство утврди дека планираните износи на средствата од став 2 на овој член не се усогласени со овој закон, до усогласувањето на тие средства со одредбите на овој закон, средствата од остварените приходи ќе ги пренесува на жиросметките на општествено-политичките заедници, односно на самоуправните интересни заедници од општествените дејности во височината на месечниот просек на тие средства од претходната година.

Средствата што се издвојуваат на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство, не се вклучуваат во депозитот на банките и не можат да се користат до крајот на 1985 година, освен средствата од член 1 став 3 на овој закон.

Член 4

На општествено-политичката заедница и на самоуправната интересна заедница од општествените дејности, што не ќе достави податоци за планираните износи на средствата и податоци за динамиката на приходите во согласност со одредбите на член 3 став 2 од овој закон, Службата на општественото книговодство не ќе ѝ ги пренесува приходите на нејзината жиро-сметка.

Член 5.

Со парична казна од 10.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок самоуправната интересна заедница од општествените дејности ако не ѝ достави податоци на Службата на општественото книговодство на начинот и во рокот утврден со овој закон (член 3 став 2).

Со парична казна од 2.000 до 20.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во самоуправната интересна заедница од општествените дејности..

Со парична казна од 2.000 до 20.000 динари ќе се казни за прекршок за дејствието од став 1 на овој член и одговорното лице во органот на општествено-политичката заедница“.

Член 4

Ако во текот на 1982 и 1983 година дошло до статусни промени односно до основање на нови општествено-политички заедници и самоуправни интересни заедници од општествените дејности, приходите на овие заедници се обезбедуваат во рамките на вкупните приходи што можат да се користат за потрошувачка во републиката односно во автономната покраина во 1983 година, во согласност со одредбите на член 1 од овој закон.

Члан 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за начинот на располагање со вишоците од приходите на буџетите на општествено-политичките заедници и со вишоците од приходите на самоуправните интересни заедници од општествените дејности во 1983 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 76/82 и 15/83).

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен лист на СФРЈ“.

**Образец „ПС“**

ПЛАН

НА СРЕДСТВАТА ЗА ОПШТИ ОПШТЕСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ ЗА 1983 ГОДИНА

ОПЗ-СИЗ ____________

А. ГОДИШЕН ПЛАН — во илјади дин. —

| Реден број | ОПИС | Претходна година | Тековна година | ИНД. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Вкупно остварени приходи (Б-2 колона 1 см. 840 и 843) | | | |
| 2. | Средства што не се користат за потреби во републиката односно автономната покраина | | | |
| | 2.1. Средства на буџетот на федерацијата | | | |
| | 2.2. Средства на Интересната заедница на Југославија | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | 2.3. Придонеси на републиките и на автономните покраини на буџетот на федерацијата | | | |
| | 2.4 Средства за отстранување на последиците од земјотресот во СР Црна Гора | | | |
| | 2.5. Средства за премостување на разликата од уписот на заемот и пласманот на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини | | | |
| | 2.6. Средства на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој | | | |
| 3. | Средства што се користат за потребите на ОПЗ и СИЗ (ред. бр. 1 минус ред бр. 2) | | | |
| 4. | Средства што се користат за надомести што имаат карактер на лични примања | | | |
| | 4.1 Пензии | | | |
| | 4.2. Додатоци на деца | | | |
| | 4.3 Социјални помошти | | | |
| | 4.4. Надомести за привремена невработеност | | | |
| | 4.5. Надомести за боледувања | | | |
| | 4.6. Средства за ученички и студентски стандард | | | |
| | 4.7. Надомести на домови на стари и на други организации од областа на социјалната заштита | | | |
| | 4.8. Придоноси на надомести | | | |
| | 4.9. Други надомести | | | |
| 5. | Основица за примена на процентот од член 1 на Законот (ред. бр. 3 минус ред. бр. 4) | | | |
| 6. | Планиран износ на средствата над кој се забранува користење (ред. бр. 5 колона 3 × % од член 1 ст. 1 и 2) односно став 5)[1]): | | | |

Б. МЕСЕЧНИ ПЛАНИРАНИ ИЗНОСИ ЗА 1983 ГОДИНА

— во илјади динари —

| Реден број | ПЕРИОД | Реден бр. 3 кол. 4 | Реден бр. 4 кол. 4 | Реден бр. 5 кол. 4 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7. | ЈАНУАРИ-АВГУСТ | | | |
| 8. | ЈАНУАРИ-СЕПТЕМВРИ | | | |
| 9. | ЈАНУАРИ-ОКТОМВРИ | | | |
| 10. | ЈАНУАРИ-НОЕМВРИ | | | |
| 11. | ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ | | | |

1) Забелешка: Колоните 3 и 5 не се пополнуваат

————— 198— година

датум

—————

место

М. П.

—————

Потпис

## 517.

Врз основа на член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 39 од Законот за сојузните стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/75 и 40/81), Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 29 јули 1983 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1982 ГОДИНА

Се одобрува Завршната сметка на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи за 1982 година, што ја донесе Сојузниот извршен совет на 19 мај 1983 година, Е. п. бр. 307/83.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 237
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор
**Аслан Фазлија**, с. р.

## 518.

Врз основа на член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 39 од Законот за сојузните стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/75 и 40/81), Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 јуни 1983 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1982 ГОДИНА

Се одобрува Завршната сметка на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи за 1982 година, што ја донесе Сојузниот извршен совет на 19 мај 1983 година. Е. п. бр. 306/83.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 238
29 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател на
Сојузниот собор,
**Аслан Фазлија**, с. р.

## 519.

Врз основа на член 281 став 1 точка 16 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и со член 14 став 2 од Законот за Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито", Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 јули 1983 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ ЦЕНТАР „ЈОСИП БРОЗ ТИТО"

Се дава согласност на Статутот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито", што го усвоија работниците во Меморијалниот центар, на референдумот одржан на 5 мај 1983 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС
28 јули
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Аслан Фазлија**, с. р.

## 520.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и член 285 став 2 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 17, 104 и 115 од Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јули 1983 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1981 ДО 1985 ГОДИНА

1. Одлуката за подготвување и донесување на измени и дополненија на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/82, 43/82 и 6/83), престанува да важи.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 255
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Антун Бубиќ**, с. р.

**521.**

Врз основа на чл. 17 и 104, а во врска со чл. 9, 11 и 12 од Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија, на предлог од Сојузниот извршен совет што го поднесува во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и со извршните совети на собранијата на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јули 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИОТ ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1995 ГОДИНА, ОДНОСНО ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПОДРАЧЈА И ДО 2000 ГОДИНА

1. Во Одлуката за подготвување и донесување на Долгорочниот општествен план на Југославија за периодот од 1986 до 1995 година односно за определени подрачја и до 2000 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/78), во точка 3 зборовите: „кон половината на 1983 година" се заменуваат со зборовите: „до 30 јуни 1984 година", а зборовите: „во четвртото тримесечје на 1983 година" — со зборовите: „до 30 ноември 1984 година".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 200
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Антун Бубиќ**, с. р.

---

**522.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија а во врска со точка 4.4. став 5 од вториот дел на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јули 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ЗАМЕНА НА КРЕДИТИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ЗА СЕЛЕКТИВНИ НАМЕНИ ПО ПАТ НА МОНЕТИЗАЦИЈА СО СЕЛЕКТИВНО ОБЕЛЕЖЈЕ

1. Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (во натамошниот текст: народните банки) и основните и здружените банки (во натамошниот текст: банките) во 1983 година ќе ја започнат и завршат постапно замената на кредитите од примарната емисија за селективни намени по пат на монетизација со селективно обележје за намените, под условите и по постапката според критериумите од оваа одлука.

2. Монетизација со селективно обележје претставува посебна форма на поддршка на примарната емисија во остварувањето на селективните цели на монетарно-кредитната политика. Поддршка на остварувањето на тие цели се дава од средствата на кредитниот потенцијал на банките и од примарната емисија, во односите и под условите што ги утврдува Народната банка на Југославија со мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика за тековната година.

3. Монетизацијата со селективно обележје се заснова врз стоковно-паричните работи на организациите на здружен труд во областа на стопанството за намените што се утврдени со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година и со годишните одлуки на Собранието на СФРЈ за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика.

Под стоковно-парични работи од став 1 на оваа точка се подразбираат: работи на купопродажба на стоки и услуги по основа на извозот на стоки и услуги, увозот на определени производи и продажбата и купувањето на домашна опрема и бродови на кредит во Југославија; работи на вложување во производството на определени производи за познат купувач, како и работи на вложување во залихите на определени производи што се остваруваат врз основа на спогодби и договори што ги склучуваат производителските организации на здружен труд и организациите на здружен труд кои како купувачи ги преработуваат односно формираат залихите на определени производи.

4. Монетизацијата со селективно обележје ја остваруваат организациите на здружен труд во областа на стопанството што ги извршуваат стоковно-паричните работи за намените утврдени со актите од точка 3 став 1 на оваа одлука, и тоа непосредно или преку своите интерни банки. За тие намени монетизацијата се остварува врз основа на хартии од вредност и исправи што ги издаваат односно прибавуваат организациите на здружен труд во стопанството или нивните интерни банки, врз основа на стоковно-паричните работи на тие организации на здружен труд за пропишаните намени, а што го определува Народната банка на Југославија.

Организациите на здружен труд односно нивните интерни банки од став 1 на оваа точка можат да остваруваат монетизација со селективно обележје врз основа на извршена стоковно-парична работа за намените од точка 3 став 1 на оваа одлука ако ги исполнуваат пропишаните услови за кредитната способност, условите за финансиската дисциплина и условите пропишани за одделни намени со мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика.

5. Монетизација со селективно обележје за производство и подготвување на стоки за извоз, за подготвување на вршењето услуги на странски туристи и за производство на определени земјоделски производи ќе се остварува, во смисла на оваа одлука, за вложувањата во трошоците чијшто обем и структури за одделните намени, или за сите намени единствено ги определува Сојузниот извршен совет.

6. Монетизацијата со селективно обележје организациите на здружен труд односно нивните интерни банки ја остваруваат преку основните односно здружените банки, и тоа истовремено од средствата на кредитниот потенцијал на тие банки и од примарната емисија, под условите и на начинот што ќе ги пропише Народна банка на Југославија.

7. Монетизацијата со селективно обележје од примарната емисија ќе се остварува под диференцирани услови во поглед на каматната стапка, партиципацијата на примарната емисија, видот на хартиите од вредност и на исправите и роковите за демонетизација.

Условите од став 1 на оваа точка ги утврдува Народната банка на Југославија во согласност со од-

редбите од член 16 став 2 точ. 4 и 6 на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини.

8. Организациите на здружен труд односно нивните интерни банки што вршат одложени плаќања на обврските спрема други организации на здружен труд по работите врз основа на кои може да се оствари монетизација со селективно обележје, не можат по тие работи да остваруваат право на монетизација со селективно обележје.

По исклучок од одредбата од став 1 на оваа точка, организациите на здружен труд односно нивните интерни банки можат да остваруваат монетизација со селективно обележје и по стоковно-паричните работи каде што е договорено одложено плаќање на обврските по работите при вложување во производството на определени основни земјоделски производи и во формирањето на залихи на определени производи само во случаите и под условите што ги утврдува Народната банка на Југославија со мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика, со тоа што монетизација со селективно обележје во тие случаи ќе се остварува дури при втасувањето на рокот на договореното одложено плаќање.

9. Организацијата на здружен труд односно интерната банка користените средства по основа на монетизација со селективно обележје од кредитниот потенцијал на банката и од примарната емисија ги демонетизира во роковите и на начинот што ги утврдува Народната банка на Југославија.

Народната банка на Југославија утврдува во кои случаи организациите на здружен труд односно нивните интерни банки што остваруваат монетизација со селективно обележје употребуваат сопствена меница како основа за монетизација и демонетизација.

10. Замената на селективните кредити по пат на монетизација со селективно обележје, во смисла на оваа одлука, ќе се остварува постепено, така што обврската за замена да се однесува на стоковно-паричните работи по одделни намени што се остваруваат од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, и тоа така што тие работи да се опфатат со новиот циклус на стоковно-парични работи, односно вложувања во производството и во залихите на определени производи, Народната банка на Југославија поблиску ќе го утврди почетокот на циклусот за одделните намени, односно почетокот на воведувањето на монетизација со селективно обележје за тие намени.

11. По воведувањето на монетизација со селективно обележје, во смисла на оваа одлука, народните банки и банките не можат да даваат кредити за селективни намени за кои започнала постапката за воведување на монетизација со селективно обележје. Селективните кредити дадени за тие намени пред почетокот на воведувањето на монетизација со селективно обележје можат да се водат во народните банки и во банките до роковите на втасувањето утврдени при користењето на тие кредити.

12. Условите за користење на монетизацијата со селективно обележје, во поглед на учеството во примарната емисија, роковите за демонетизација и каматите, како и начинот на пресметување и наплатување на каматата, утврдени за 1983 година во согласност со одредбите од точка 7 на оваа одлука, се однесуваат и на кредитите за селективни намени за кои, во согласност со почетокот на циклусот на вложувањата во текот на 1983 година, уште не започнала постапката на монетизација со селективно обележје.

13. До конечната замена на кредитите за селективни намени по пат на монетизација со селективно обележје, средствата од остварената монетизација со селективно обележје по одделни намени првенствено ќе се користат за отплатување на втасаните обврски по селективните кредити за тие намени, како во односите помеѓу банките и организациите на здружен труд така и во односите помеѓу банките и народните банки.

14. Механизмот и постапката за воведување монетизација со селективно обележје ги пропишува Народната банка на Југославија според критериумите од оваа одлука.

Народната банка на Југославија, во соработка со Здружението на банките на Југославија, ќе ги испита и пропише можностите и условите за остварување на монетизација со селективно обележје во условите на користење кредити по принципот на текушта сметка.

15. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 163
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и покраините,
**Антун Бубиќ**, с. р.

---

**523.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 20 од Законот за паричниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 61/82), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 29 јули 1983 година, донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕМИСИОНА И ПАРИЧНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1983 ГОДИНА

1. Во Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1983 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82), во точка 2 ставот 1 се менува и гласи:

„2. Заради остварување на целите и задачите од точка 1 на оваа одлука, ќе се обезбеди паричната маса и банкарските пласмани по обемот и структурата да бидат доследно во функција на целите и задачите на политиката на економска стабилизација. Во согласност со тоа, ќе се обезбеди вкупната нето-домашна актива на сите банки во 1983 година да може да се зголеми најмногу до 11,3%, а во тоа порастот на вкупните пласмани на банките до 14,4%, а порастот на динарските пласмани на банките до 12,0%, во однос на нивната книговодствена состојба на 31 декември 1982 година."

2. Во точка 3 став 1 одредба под 2) по зборот: „Косово" се додаваат зборовите: „инвестиционите кредити за објекти во областа на агроиндустрискиот комплекс во чие финансирање учествува Меѓународната банка за обнова и развој".

Во став 2 процентот: „20%" се заменува со процентот: „15%".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 251
29 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ,** с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Антун Бубиќ,** с. р.

---

**524.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 19 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 61/82, 77/82 и 34/83), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јули 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАЕДНИЧКАТА ДЕВИЗНА ПОЛИТИКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1983 ГОДИНА

1. Во Одлуката за заедничката девизна политика на Југославија за 1983 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82 и 15/83) во точка 1 став 4 по зборовите: „не сметајќи" се додаваат зборовите: „ја опремата наменета исклучиво на производство за извоз, како и".

Во став 7 во одредбата 5) последната реченица се брише.

2. Во точка 3 во став 13 на крајот се додава нова реченица, која гласи: „При спогодувањето во рамките на дејноста, организациите на здружен труд ќе водат сметка со распоредувањето на девизите на одделни организации на здружен труд да се обезбеди неопходниот увоз на основни суровини и репродукционен материјал што обезбедуваат производство за извоз".

По став 22 се додава нов став 23, кој гласи:

„Другиот увоз на стоки за широка потрошувачка ќе се сведе во рамките предвидени со Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1983 година. Притоа, ќе се води сметка за увозот на стоки за широка потрошувачка што се неопходни за снабдување на населението стоки што се од значење за давање на туристички услуги, за дополнителен увоз за потребите на здравството, за увоз за потреби на снабдувањето на индивидуалните земјоделоки производители, како и за увоз на публикации печатени на странски јазици."

По досегашниот став 24, кој станува став 25 се додава нов став 26, кој гласи:

„Во рамките на предвидените пропорции во Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1983 година ќе се овозможи и увоз на најнеопходна опрема која служи за довршување на изградбата на објекти со чие пуштање во погон се обезбедува извоз на конвертибилното подрачје, најнеопходен увоз на опрема што не се произведува во земјата за потребите на енергетиката, рударството, објектите на преработувачката индустрија што се подигаат со здружување на труд и средства помеѓу организации на здружен труд од САП Косово и организации на здружен труд од другите републики и од САП Војводина и истражување и експлоатација на нафта и природен гас, како и друг неопходен увоз предвиден со прописите на Сојузниот извршен совет.".

Досегашните ст. 25 до 32 стануваат ст. 27 до 34.

3. Во точка 4 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Заради натамошно усогласување на механизмот за заштита на домашното производство по пат на стоковен режим, во текот на 1983 година ќе се преиспита постигнатото ниво на заштита утврдена со самоуправните спогодби за регулирање на извозот и увозот и со прописите на Сојузниот извршен совет, за да се обезбедат подолгорочни услови за преструктуирање на стопанството и да се овозможи зголемен извоз на конвертибилното подрачје. Заради тоа, ќе се поведе иницијатива за склучување на општествен договор за регулирање на извозот и увозот за периодот од 1983 до 1985 година, со кој ќе се замени Одлуката за долгорочната програма за регулирање на извозот и увозот.".

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 4 и 5.

4. Во точка 6 став 2 во првата реченица зборот: „едномесечно" се заменува со зборот: „двомесечно", а втората реченица се менува и гласи: „Кредитите по основа на странска поддршка на стабилизационата програма на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе се користат за зголемување нивото на конвертибилните девизни резерви, за зголемување увозот на репродукционен материјал заради извоз и за одржување надворешната ликвидност на земјата.".

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 254
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и
покраините,
**Антун Бубиќ,** с. р.

---

**525.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 26 од Законот за финансирање на федерацијата и со член 83 ст. 1 и 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 29 јули 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ЦАРИНИ И ДРУГИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ ШТО ВО 1983 ГОДИНА И СЕ ОТСТАПУВААТ НА ИНТЕРЕСНАТА ЗАЕДНИЦА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за утврдување на приходите од царина и други увозни давачки што во 1983 година и се отстапуваат на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство („Служ-

бен лист на СФРЈ", бр. 77/82) во точка 1 процентот: „59,70" се заменува со процентот: „67,20".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 218
29 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Антун Бубиќ**, с. р.

---

526.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во врска со член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и со член 12 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јули 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1982 ГОДИНА

Се потврдува Завршната сметка на Народната банка на Југославија за 1982 година, што ја донесе Советот на гувернерите со своја одлука О.бр.29 од 30 март 1983 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 208
28 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и покраините,
**Антун Бубиќ**, с. р.

---

527.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и со член 12 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 јули 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1983 ГОДИНА

Се потврдува Финансискиот план на Народната банка на Југославија за 1983 година, што го донесе Советот на гувернерите со своја одлука О. бр. 28 од 30 март 1983 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 209
29 јули 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Војо Срзентиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Антун Бубиќ**, с. р.

---

528.

